# <u>МАКЕДОНСКИ ВОДИЧ ЗА ЛЕГИСЛАТИВА 2009</u>

**Од Љубица Рубен, МЕНС ЛЕГИС ПРАВНА ФИРМА**

Следствено на колапсот на комунизмот во Централна и Источна Европа, сите земји од овој регион, вклучувајќи ја Македонија, се соочени со многу тешка задача- да го премостат наследството на неефикасната социјалистичка економија и да ги применат пазарните принципи. Предизвиците беа огромни. Правната и политичката несигурност, слабата инфраструктура, сиромаштијата, недоататокот на пазарните принципи и основните пазарни институции, плус внатрешниот конфликт ја прават оваа задача воопшто да не биде лесна.
За време на историјата на Република Македонија како дел од Бившата Република Југославија, некои финансиски институции кои имаат долга традиција во другите земји (како берзата, брокерските и Комисијата за хартии од Вредност) само скоро беа запознаени и етаблирани во Македонија ( во последните 10 години). Од нивното основање овие институции се во процес на постојано развивање. Следејќи ги промените во деловното опкружување, Владата е во процес на внесување на потребни амандмани од сродните закони кои ќе им дозволат на институциите поефикасна оперативна средина.

Владата има намера да го отвори финансискиот пазар за странските инвеститори. Условот за реализирање на оваа цел е да се обезбедат соодветни и атрактивни услови за странските инвеститори и одредени гаранции за сигурноста на странските инвеститори. Планот е да се постане член на Европска Унија (ЕУ) и да се осигура дека Македонската легислатива е порамнета со законите на ЕУ.

## БАНКАРСТВО И ОСИГУРУВАЊЕ

Една од главните намери во секторот за банкарство и осигурување е да се олесни пазарниот пристап на странските банки и осигурителни компании на територија на Република Македонија. Затоа новиот Закон за банки, кој е поставен на 1 јуни 2007 и новиот закон за надгледување на осигурувањето веќе ги содржат одредбите кои им овозможуваат на банките и осигурителните компании од земјите членки на ЕУ Директен државен пристап на Македонскиот пазар, одбегнувајќи ја долгата процедура за основање и лиценцирање.
Во оваа фаза важно е да биде спомenето дека овие иницијативи за директен пристап на земјите од ЕУ ќе биде во полна сила и ефект откако Македонија ќе го добие членството во ЕУ. Оттогаш потребна е лиценца за вршење на банкарски или осигурителни активности.
Како резултат на процесот за либерализација, бројот на странските банки и осигурителни компании кои влегоа на Манедонскиот пазар се зголеми. Учеството на странските банки и осигурителни компании е највеќе преку купување на домашни банки и осигурителни компании.

## КОРПОРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

За време на минатата година важни промени се направени на поле на корпоративни активности. Сите од овие промени во Законот за трговски друштва се наменети да ја поедностават процедурата за основање на компаниите во поглед на процедура, документација, време и трошоци.
Сега компанијата може да биде основана и регистрирана во Централниот Регистар за само 1-2 дена. Трошоците за регистрација на компанијата во Централниот Регистар се намалени 50%. Понатаму последниот амандман на Законот за Трговски Друштва од јули 2008 ја укина потребата за нотаризација на документи за основање.
Инвеститорите се обезбедени со додатни иницијативи преку дночниот систем со намалување на даночните стапки. Почнувајќи од 1 јануари 2008, стапката за корпоративен данок е само 10%.

## ФИНАНСИСКИ ПАЗАР

Изменување на Законот за хартии од вредност и Законот за инвестициски фондови, финансискиот пазар во Македонија среќава зголемување на бројот и активностите во финансиките институции. Законот за инвестицики фондови ги воведе приватните фондови и компаниите до менаџментот на приватни фондови. Првите компании од овој вид веќе почнаа да оперираат на македонскиот финансики пазар и клиентите покажаа интерес за нив.
Основање на приватни фондови и Компании за менаџмент на приватни фондови се без претходна согласност од Комисијата за хартии од Вредност.
Приватните фондови се основани за ограничен период од најмалку 8 години со извршен капитал од минимум 500.000 ЕВРА. Максималниот број на инвеститори во приватниот фонд е 20.

Приватните фондови се менаџирани од Компаниите за менаџмент на приватни фондови, кои можат да бидат етаблирани како друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва со основна главнина од најмалку 50.000 ЕВРА ако менаџира еден приватен фонд од 25.000 ЕВРА за секој следен фонд, ако менаџира повеќе од еден приватен фонд.

* * *

СПОЈУВАЊА И ПРЕВЗЕМАЊА

Комисијата за заштита на конкуранција ќе биде известена за концентрација ако:

1) Акумулираниот обрт на сите учесници генериран од продажба на стоки и/или услуги на светкиот пазар е поголем од 10 милиони Евра во денарски еквиваленти, од моменталната стапка на денот на затварање на годишниот финасиски извештај, реализиран за време на деловната година која претходи на концентрацијата и обезбедена дека најмалку еден учесник треба да биде регистриран на територијата на Република Македонија или
2) Акумулираниот обрт на сите учесници во превземањето, добиен со продажба на предмети и/или услуги на територија на Република Македонија е поголем од 2,5 милиони Евра во дерарска противвредност од сегашната стапка на денот на затварање на годишната финансиска изјава, реализирана за време на деловната година која претходеше на концентрација или
3) Пазарно учество на едно од превземањата е поголемо од 40% или нивното заедничко учество на пазарот е поголемо од 60%.
   Законот обезбедува суспензија на концентрација пред добивање на зелено светло од Комисијата како и одреден исклучок на тоа правило.

Горенаведените амандмани во регулативите се само еден сегмент од целата Владина активност и се напор да се создаде цврста и стабилна правна и деловна околина. Ова значи дека позитивните промени се исто така во друго поле на работа во корпоративните и другите институции. Искрено се надеваме дека искуствата на странските инвеститори веќе претставуваат на пазарот исто така иницијативи кои се обезбедени до инвеститорите преку легислативата која им дава позитивни сигнали на другите инвеститори кои можат да ја најдат Македонија како атрактивно место за нивните инвестиции.